# Службен гласник



| Број 13 | 21.05.2026 година |
|---|---|



## на Општина Кавадарци

СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2026 година | 7 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2026 година | 8 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година | 9 |
| Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година | 10 |
| Решение за објавување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2026 година | 11 |
| Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2026 година | 12 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата | 13 |

| | |
|---|---|
| за2026година | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2026година | 14 |
| Решение за објавување на Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија, како и поддршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци | 15 |
| Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија, како и поддршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци | 16 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година | 24 |
| Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година | 25 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 26 |
| Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 26 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Стратегијата за локален развој на Општина Кавадарци (2026-2036). | 27 |
| Заклучок за усвојување на Стратегијата за локален развој на Општина Кавадарци (2026-2036). | 28 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Кавадарци | 28 |
| Заклучок усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Кавадарци | 29 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кавадарци | 30 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за | 31 |

| | |
|---|---|
| утврдување на организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кавадарци | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2027 година | 34 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2027 година | 34 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година (набавка за инвалидска количка), | 35 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година (набавка за инвалидска количка) | 36 |
| Решение за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 36 |
| Одлука за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 37 |
| Решение за објавување наЗаклучок за усвојување на Известување од Комисија за селекција за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 38 |
| Заклучок за усвојување на Известување од Комисија за селекција за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 39 |
| Решение за објавување наОдлука за давање согласност за објавување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 40 |
| Одлука за давање согласност за објавување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на | 40 |

| | |
|---|---|
| Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | |
| Решение за објавување наРешение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 41 |
| Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци | 42 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Тримесечниот Извештај за работа на Јавното претпријатие „Комуналец„ Кавадарци за 2026 година | 43 |
| Заклучок за усвојување на Тримесечниот Извештај за работа на Јавното претпријатие „Комуналец„ Кавадарци за 2026 година | 43 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Тримесечниот Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2026 година | 44 |
| Заклучок за усвојување на Тримесечниот Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2026 година | 45 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за редовното на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година | 45 |
| Заклучок за усвојување на Извештај за редовното на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година | 46 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за редовното на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци,за период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година | 46 |
| Заклучок за усвојување на Извештај за редовното на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци,за период од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година | 47 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност | 47 |

| | |
|---|---|
| за Годишен План за вработување за 2027 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев - Јасмин„ Кавадарци | |
| Одлука за давање согласност за Годишен План за вработување за 2027 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци | 48 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, за период од 01.01.2026 -30.03.2026 година | 49 |
| Заклучок за усвојување на Извештајот за работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, за период од 01.01.2026 - 30.03.2026 година | 49 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие“Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2026 до 30.03.2026 година | 50 |
| Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие“Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2026 до 30.03.2026 година | 51 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци | 51 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев - Јасмин„ Кавадарци | 52 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за примање донација донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа | 53 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за примање донација донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа | 54 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука примање донација донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„Кавадарци | 55 |
| Одлука за давање согласност на Одлука примање | 55 |

| | |
|---|---|
| донација донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„Кавадарци | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„ Кавадарци | 56 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема, донесена од Училишен одбор на ООУ„Димката Ангелов-Габерот„ Кавадарци | 57 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2027 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци со заклучок | 57 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2027 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци | 58 |
| Решение за објавување на Решение за формирање на комисии за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци | 60 |
| Решение за формирање на комисии за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци | 61 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 61 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 64 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2027 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци | 64 |
| Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2027 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци | 65 |
| Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 66 |
| Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 66 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2026 година | 67 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на | 67 |

| | |
|---|---|
| спорт и млади за 2026 година | |
| Заклучок за усвојување наБарање со арх.бр.08-2887/1 од 19.05.2026 година, за доделување на локација за изградба на нов македонски православен православен храм | 68 |
| Заклучок за усвојување наБарање со арх.бр.08-2887/1 од 19.05.2026 година, за доделување на локација за изградба на нов македонски православен православен храм | 68 |
| Одлука за одобрување на финасиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година (лекување) | 69 |
| Одлука за одобрување на финасиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година (лекување) | 70 |
| Одлука за одобрување на финасиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 71 |
| Одлука за одобрување на финасиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 72 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 73 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година | 74 |
| Исправка на Решение за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева“ Кавадарци со арх.бр. 08-2265/32 од 28.04.2026 година | 75 |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за**
**изменување и дополнување на**
**Програма за изработка и донесување на**
**урбанистички планови во Општина Кавадарци**
**за 2026 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-2937/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 20 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ”бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница одржана на ден 21.05.2026 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2026 година, се врши следната измена и дополнување:
Глава IV: Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, после точка 26 се додава 1 нова точка која гласи:
27. „ Детален урбанистички план за УЕ 3, дел од Блок 3.1, „Коле Неделковски – Југ“, КО Глишиќ, Општина Кавадарци.
Површина на прелиминарен планскиот опфат ~0,2ха.
Граница на планскиот опфат:
-НА СЕВЕР – осовина на сообраќајница планирана со ДУП за Локалитет „Г2“-Глишиќ, Општина Кавадарци, донесен со Одлука бр. 07-2334/18 од 31.10.2005 год.;
-НА ИСТОК – осовина на сообраќајница планирана со ДУП за Локалитет „Г2“-Глишиќ, Општина Кавадарци, донесен со Одлука бр. 07-2334/18 од 31.10.2005 год.;
-НА ЈУГ – границата ја следи наменската зона А1-Домување во станбени куќи, односно наменскат зона В1-Образование и наука планирана по ГУП на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, донесен со Одлука бр. 08-2790/1 од 30.05.2019 год.;

-НА ЗАПАД – граничи со градежната парцела (1.20) со намена индустрија од ДУП за Локалитет „Г2“-Глишиќ, Општина Кавадарци, донесен со Одлука бр. 07-2334/18 од 31.10.2005 год..
Намена:
Планот опфаќа наменски зони- А1-Домување во куќи и Е - Инфраструктури;

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2787/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –2937/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 20 став 3 точка 2 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) член 82 став 1 точка 29, од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 21.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за
УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град,
Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го донесува Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година.

Документацијата за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година, е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Член 2

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година, е со вкупна површина од 5.64ха.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски со број 21-1541/6 од 12.05.2026 година.

Член 4

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

Член 5

Со прикачување во електронска форма на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 43843.

Член 6

Општина Кавадарци - Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.6 и Блок 14.7 - „Силекс згради“, КО Ваташа, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период 2022-2027 година, ќе го објави во електронска форма на својата интернет страна.

Член 7

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник” на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2787/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за активностите на**

**Општина Кавадарци во**
**областа на социјална заштита за 2026 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,**Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-2937/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница одржана на ден 21.05.2026 година, донесе,

П Р О Г Р А М А
за изменување на Програмата
за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална
заштита за 2026 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2026 година со арх.бр.08-5977/12 од 04.12.2025 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 3/25), се врши следното изменување и дополнување :

Во Глава ||.АКТИВНОСТИ,

-во став 1 после алинеја 7 СЕ ДОДАВА нова алинеја 8 која гласи:

„ финансиски средства за првачиња во учебната 2025/2026 година,„.

-во став 2 ,

во алинеја 1 -износот од 130.000,00 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 260.000,00 денари,,

после алинеја 3 СЕ ДОДАВА нова алинеја 4 која гласи:

-финансиски средства за првачиња во учебната 2025/2026 година ....900.000 денари„

Во Се вкупно за програмата : износот од 4.930.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА во износ од

5.960.000,00 денари

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08-2787/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програма за активностите на**
**Општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Програма за изменување и дополнување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –2937/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница одржана на ден 21.05.2026 година, донесе,

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата**
**за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2026 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.3/2025), се врши следната измена и дополнување :

Во глава

III. ФИНАНСИРАЊЕ

-Во подглава КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ,

После точка 4 СЕ ДОДАВАТ нови точки 5, 6 , 7 , 8 и 9 кои гласат:

5. Настан „12 ТИВКИ ЗВЕЗДИ„
Носител:Општина Кавадарци
Организатор : Општина Кавадарци и Здружение „Тиквешки Цветови„
Месец и ден : јуни

6. Настан -„во чест на 12-те Ваташки младинци 16-ти јуни-„
Носител:Општина Кавадарци
Организатор : Општина Кавадарци
Месец и ден : јуни

7. Настан-Ликовна Колонија „ Михајлово 2026„
Носител:Општина Кавадарци и здружение на ликовни уметници
Организатор : здружение на ликовни уметници
Месец и ден : август

8.Фестивал за одбележување на 50 години од смртта на Никола Бадев;
Носител:Општина Кавадарци
Организатор : Општина Кавадарци
Месец и ден : септември-октомври

9. Настан -академско катче во чест на Академик Блаже Ристовски;
Носител:Општина Кавадарци
Организатор : Општина Кавадарци Библиотека „Феткин „ и Дом на култура „ Иван Мазов
Климе„
Месец и ден : септември-октомври

-Во подглава Трошоци за културните манифестации,
Во точка 2-Репрезентации за културните манифестаци износот од 650.000,00 ден СЕ
ЗАМЕНУВА со износ од 800.000,00 ден;
Во точка 3- Огномет и конфети за културните манифестации износот од 300.000,00ден
СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 150.000,00

Вкупниот износ на Програмата не се менува.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Член 2

Програмата влегува во сила 8 (осмиот ) ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08-2787/4**
**21.05.2026 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на**
**Правилник за измена и дополнување на**
**Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од обласа на спортот од интерес на општина Кавадарци ,донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –2937/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), Записник од Комисијата за спорт со арх.бр08-2804/2 од 20.05.2026 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 10-та седница, одржана на ден 21.05.2026 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија, како и поддршка на манифестации, турнири и проекти од обласа на спортот од интерес на Општина Кавадарци

## I. ВОВЕД

**Член 1**

Со овој Правилникот се утврдуваат условите, критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија од обласа на спортот, како и начинот на поддршка на спортски манифестации, турнири, проектии и програми од интерес на Општина Кавадарци, кои се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци преку Програмата за активности во обласа на спортот и младите на територијата на Општина Кавадарци.

Целта на Општина Кавадарци е, во рамки на своите законски надлежности и можности, да обезбеди услови за развој, унапредување, афирмација и презентација на спортот, како и поттикнување на младинскиот, училишниот и професионалниот спорт.

Општина Кавадарци преку овој Правилник обезбедува транспарентна, еднаква и објективна постапка за распределба на финансиските средства согласно утврдените критериуми и приоритети од јавен интерес во областа на спортот.

## II. ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВА

**Член 2**

Во Буџетот на Општина Кавадарци се предвидуваат финансиски средства за поддршка, унапредување и развој на спортот, со цел обезбедување континуиран развој на спортските активности, поттикнување на спортот како дејност од јавен интерес и афирмација на спортските вредности кај младите. Средствата се наменети за поддршка на:

- Професионални спортски клубови – ( акционерски во кои Општината има капитал и се регистрирани на територијата на Општина Кавадарци);
- Општински сојуз на училишен спорт;
- училишни спортски клубови;
- спортски клубови и здруженија од областа на спортот, кои опфаќаат колективни и индивидуални спортови;
- Сојуз на спортови – за организација и реализација на спортски манифестации, турнири, настани и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци.

Предлог-Програмата за активности во областа на спорт и млади ја разгледува Комисијата за спорт. По нејзиното усвојување од страна на Комисијата, истата се доставува до Советот на Општина Кавадарци на усвојување.

Професионалните спортски клубови во кои Општината има акционерски капитал, доставуваат предлог - годишна програма за работа со финансиски план. Истите се разгледуваат од Комисијата за спорт и се предлагаат до Советот на Општина Кавадарци за усвојување.

Советот на Општина Кавадарци ја усвојува Предлог-Програмата за активности во областа на спорт и млади, во која јасно се утврдува распределбата на финансиските средства.

За сите останати спортски клубови и здруженија од областа на спортот, како и за сите други корисници на средства од областа на спортот, распределбата и начинот на користење на средствата се уредуваат со овој Правилник.

**Член 3**

За поддршка на училишни спортски клубови, Општински сојуз на училишен спорт, како и спортски манифестации, турнири и проектите кои се реализираат преку Сојуз на спортови на Кавадарци, средствата се распределуваат согласно Програмата, усвоена од Совет на Општина Кавадарци.

Средства од став 1 на овој член се распределуваат без примена на системот на бодирање.

Преостанатите финансиски средства се распределуваат на спортски клубови и здруженија од областа спортот, и тоа:

- за професионални колективни спортови во кои Општината има акционерски капитал (кошарка, ракомет, фудбал, обојка), согласно Програмата усвоена од Советот;
- за останати колективни и индивидуални спортови, согласно Програмата усвоена од Советот;

Право на користење на средствата имаат клубови и здруженија кои се регистрирани согласно закон, ги исполнуваат законските услови и нормативи за вршење спортска дејност и реализират активности на територијата на Општина Кавадарци.

## III. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА

**Член 4**

Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општина Кавадарци за спортски клубови и здруженија од областа на спортот се врши согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади, донесена од Совет на Општина Кавадарци.

Системот на бодирање се применува исклучиво на спортските клубови и здруженија кои се опфатени со распределбата на финансиски средства од Програмата, согласно условите утврдени со овој Правилник.

Финансиските средства се распределуваат на следниот начин:

- **без јавен повик и без примена на системот за бодирање** – за професионални колективни спортови во кои Општината има акционерски капитал (кошарка, ракомет, фудбал);

- **со јавен повик и без примена на системот на бодирање** - за: Општински сојуз на училишен спорт Кавадарци, училишни спортски клубови, Сојуз на спортови - манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

- **Со јавен повик и со примена на системот на бодирање,** за останите спортски клубови и здруженија од областа на спортот, согласно критериумите утврдени со овој Правилник.

Јавниот повик го распишува градоначалникот на Општина Кавадарци, а истиот се објавува на веб-страницата на Општина Кавадарци и во средствата за јавно информирање. Јавниот повик се распишува во текот на календарската година.

Со јавниот повик се утврдуваат условите за учество, рокот за пријавување и потребната документација, критериумите за распределба на средствата, начинот и рокот за доставување на пријавите.

## IV. ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 5**

Јавниот повик содржи:

- формулар за аплицирање ( кој е достапен на веб-страницата на Општина Кавадарци)

Задолжителна документација потребна за аплицирање на клубот/здружението:

- текoвна состојба од клубот/здружението ( не постара од 6 месеци);
- решение за вршење дејност спорт согласно Законот за спорт (задоложително);
- договор за користење на спортски објект (спортска сала, терен) каде што се одржуваат тренинзите;
- потврда од соодветната спортска федерација во која категорија апликантот учествува (Супер лига, Прва лига, Втора лига, Трета лига, општинска лига, младинска лига, кадетска лига, пионери) како и времетраењето на учеството на клубот во соодветната федерација;, издадена за тековната година
- листа со спортските успеси постигнати во последните две години, поткрепена со докази;
- официјален годишен билтен за учество во национален систем на натпревари во тековната година;
- детално разработена програма / проект на активности во тековната година;
- детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата /проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции)
- прилози (фотографии, награди, признанија, дипломи и сл. )
- изјава за активност на клубот/здружението, дадена под материјална и кривична одговорност.

Рокот за поднесување на пријавите не може да биде пократок од 8 дена од денот на објавување на јавниот повик.

Документацијата се поднесува до Комисија за спорт при Совет на Општина Кавадарци.

Нецелосни и ненавремени пријави нема да се разгледуваат.

## V. ПОСТАПКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА на средствата од Буџетот на општина Кавадарци на спортски клубови и здруженија од областа на спортот.

### Член 6

Со оваа Постапка се уредуваат критериумите, начинот и постапката за распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општина Кавадарци на спортски клубови и здруженија од областа на спортот, а истата ја спроведува Комисијата за спорт при Совет на Општина Кавадарци.

Комисијата претходно врши анализа на поднесените апликации, по што спроведува селекција и рангирање согласно утврдените критериуми за оценување.

Врз основа на расположливите финансиски средства, Комисијата за спорт ја утврдува вредноста на бодот.

По спроведената анализа, Комисијата за спорт изработува записник со прилог бодовна листа, согласно утврдените бодови за секој апликант.

Комисијата и Градоначалникот го задржуваат правото да отфрли одреден спортски клуб или здружение од областа на спортот и да не го вклучат во распределбата на средствата, доколку се утврдат:

- неправилности во документацијата;
- нецелосни или неточни податоци;
- нелогичности во финансискиот план или програмата за работа;
- неусогласеност со условите утврдени во јавниот повик и овој Правилник;
- непочитување на законските прописи и нормативи од областа на спортот.

## VI. СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ

### Член 7

Комисијата за спорт, при одлучување на седница, врши оценување и доделување бодови за секој критериум поединечно, согласно системот на бодирање утврден во овој Правилник. Конечниот резултат претставува вкупен број на бодови добиени од сите критериуми.

Критериумите за оценување се утврдени во табеларен преглед, при што максималниот број на бодови што може да ги добие спортски клуб или здружение од областа на спортот изнесува 100 бодови.

Критериумите за оценување се дадени во следната табела

**Оценување – колективни, индивидуални и останати спортови - пет критериуми**

| I – Јачина на првенство | 25 бодови |
|---|---|
| • Учество во меѓународни лиги и натпревари | 25 |
| • Прва лига / Супер лига | 20 |
| • Втора лига | 15 |
| • Младинска лига | 10 |

| II – Младинска школа | 20 бодови |
|---|---|
| • комплет школа со сите категории | 20 |
| • школа со 2 категории | 15 |
| • школа со само 1 категорија | 10 |

| III – Финасиски импликации ( трошоци за користење) спортска сала и терени вп претходната година | 20 бодеви |
|---|---|
| • над 120.000 денари | 20 |
| • од 60.000 до 120.000 | 15 |
| • од 30.000 до 60.000 денари | 10 |
| • до 30.000 денари | 5 |

| IV- Услови за работа (спортска сала / терен) | 20 бодеви |
|---|---|
| • клуб кој има долгорочен договор (6–12 месеци или повеќе) за користење спортска сала/терен и одржува редовни тренинзи ( пет или повеќе неделно) | 20 |
| • клуб со договор за сала, но со помалку од 5 тренинзи неделно | 15 |
| • клуб со повремено користење сала, без договор | 5 |
| • клуб без обезбеден спортски објект/сала | 0 |

| V - Категоризација на спорт | 15 бодови |
|---|---|
| • Колективни спортови (кошарка, ракомет, одбојка. фудбал) | 15 |
| • Индивидуални спортови | 5 |

## VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 8**

По донесувањео на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади од страна на Советот на Општина Кавадарци, градоначалникот на Општина Кавадарци склучува договор со спортските клубови и здруженијата - корисници на финансиските средства, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски, начинот на користење на средствата. Со договорот се уредуваат: меѓусебните права и обврски; начинот на користење на средствата; динамика на исплата; обврски за наменско користење на средствата; начинот на контрола и известување за реализација на програмските активности.

Општина Кавадарци го задржува правото еднострано да го измени, дополни или раскине договорот доколку кај корисникот на средствата настане: промена на сопственичката структура; промена на статусот на клубот или здружението; пререгистрација или престанок на дејност; неисполнување на договорните обврски; ненаменско користење на средствата; или други околности кои влијаат врз исполнување на условите утврдени со Програмата, Правилникот или договорот.

## VIII. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Член 9**

Исплатата на финансиските средства се врши сукцесивно, по претходно доставено писмено барање од страна на корисникот, во согласност со програмските активности на клубовите/здруженијата, врз основа на усвоен заклучок од Комисијата за спорт за наменско користење на средствата.

Средствата може да се користат за:

- плати, надоместоци, хонорари, ангажман на тренери и осигурување;
- организирање патувања (превоз – листа на патници со список на учесници: спортисти, тренери и службени лица), сместување, котизација за учество, судии, делегати, семинари, храна и пијалаци поврзани со натпревари. За сместувањето задолжително се обезбедува фактура и доказ за број на сместени лица издаден од давателот на услугата;
- набавка на спортска опрема и спортски реквизити.

Реализацијата на финансиските средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци, се вршат исклучиво преку банкарска сметка, при што корисниците се должни да достават извештај за потрошени средства заедно со извод од банкарска сметка.

Корисниците на финансиските средства се должни извештаите за потрошени средства по Програмата за спорт да ги доставуваат во рок од 30 дена по искористувањето на средствата.

Извештаите потребно е да содржат;

- наративен дел со опис на реализираните активностите за кои се потрошени средствата;
- финансиски дел со комплетна финансиска документација (извод од банка, договори, фактури);
- податоци за реализирани спортски активности, (тренинзи, натпревари, резултати, спортисти, категории, тренери и записници).

Одговорното лице за спорт во Општина Кавадарци должно е да се грижи за прибирање и чување на Извештии кои што ги доставуваат корисниците на финансиските средства.

## X. КОНТРОЛА, НАДЗОР И САНКЦИИ

### Член 10

Комисијата за спорт при Советот на Општина Кавадарци го задржува правото во секое време да врши контрола и увид во начинот на користење на доделените финансиски средства, како и увид во целокупната документација поврзана со реализацијата на програмата, проектот или активностите на корисникот.

Корисниците на финансиските средства се должни, по барање на Комисијата за спорт, да достават дополнителна документација, извештаи, фактури, договори, банкарски изводи и други докази поврзани со користењето на средствата.

### Член 11

Доколку Комисијата за спорт утврди дека корисникот:

- доставил неточни, лажни или нецелосни податоци;
- користел финансиски средства ненаменски;
- доставил фалсификувана документација;
- не доставил извештај во предвидениот рок;
- не ги реализирал активностите за кои му биле одобрени средствата;
- постапувал спротивно на одредбите од овој Правилник или договорот,

Комисијата за спорт има право:

- да ја запре понатамошната исплата на средствата;
- да побара враќање на веќе исплатените средства во целост или делумно;
- да предложи еднострано раскинување на договорот;
- да го исклучи корисникот од учество на јавни повици во период од 1 до 2 години;
- да поведе постапка пред надлежните институции.

### Член 12

Корисникот на финансиските средства е должен да овозможи целосен пристап за контрола на документацијата и реализацијата на активностите од страна на овластени лица од Комисијата за спорт.

Непостапувањето по барањата на Комисијата ќе се смета за прекршување на овој Правилник.

**Член 13**

Во случај на постоење сомнеж за неправилности, нецелосна документација, можно ненаменско користење на средствата или други отстапувања од одредбите на овој Правилник, Комисијата за спорт има право да спроведе дополнителна проверка и увид во документацијата и реализацијата на активностите.

Доколку се утврдат неправилности, Комисијата за спорт може да предложи соодветни мерки согласно овој Правилник и договорот, како и да ги извести надлежните институции, согласно закон.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Со влегување во сила на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерс на општина Кавадарци со арх.бр. 08-7333/50 од 24.12.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерс на општина Кавадарци со арх.бр 08-347/2 од 27.01.2022 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерс на општина Кавадарци со арх.бр. 08-1712/53 од 14.03.2024 година.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2787/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на**
**Извештај по Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Заклучок за усвојување на Извештај по Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 21.05.2026 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –2937/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.05.2026 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

